Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина

Архивски број:
Дата: 27.01.2020 година

До: Телевизија ТЕЛМА
Г-дин Атанас Кировски, Директор и Главен Уредник
Информативна програма
Г-ѓа Снежана Лупевска-Созен, Одговорен Уредник
Ул.Никола Парапунов бр.51
1000, Скопје

Државен Инспекторат за животна средина

ул. Кеј Димитар Влахов бр. 4
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3220-187
Сајт: www. sei.gov.mk
E-mail: f.spahija@sei.gov.mk

**Предмет:** Барање за објава на ДЕМАНТ

Почитувани,

Ви се обраќаме со писмен допис и Бараме да биде објавен демант во врска со емитирана емисија КОД на Телевизија Телма за емисијата "Каков отпад се увезува и гори во Македонија?" на ден 26.01.2020 година и наводи на парламентарната пратеничка Лилјана Поповска изнесени во истата. Во емисијата изјавата на пратеничката која започнува од 16:37 минута и завршува во 17:17 минута се наведува следно, цитираме:

"Војна водиме со Државниот Инспекторат за животна средина еве веќе со години, го прозиваме јавно повикуваме на тоа да си ја врши работата и прашуваме зошто средства кои што беа наменети за акредитирана лабораторија ги пренамени инспекторатот за коли, зошто троши пари за туристички патувања по светот, зошто не вршат контроли какви што треба, дури и она што може да се врши преку приватни акредитирани лаборатории не го прават, едноставно сите се труеме на ангро, а се тврди индустријата не загадува".

**Демантот се однесува на тоа дека е крајно невкусно да се експонира некој со некаква наводна војна без да каже за каква војна станува збор и кој води војна со Државниот Инспекторат за животна средина. Понатаму, би сакале да ја информираме целата засегната јавност дека Одделението Лабораторија за животна средина организациски НЕ Е ДЕЛ од Државниот Инспекторат за животна средина, туку од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Државниот Инспекторат за животна средина НЕМА НИКАКАВА ОБВРСКА да инвестира средства за**

акредитација на лабораторија ниту е корисник на средствата наменети за лабораторијата.

Наводот дека ДИЖС „троши пари за туристички патувања по светот“ се невкусна клевета бидејќи сите патувања надвор од државата се поврзани со тековните активности, проекти и проектни обврски кои имаат за цел да ги зајакнат иституционалните и професионалните капацитети на инспекторатот. За прв пат во историјата на постоење во текот на 2018-2019 година од сопствени средства купи две возила кои служат за реализација на инспекциски надзори.

Сметаме дека изјавата „не вршат контроли какви што треба“, е директен атак на угледот на институцијата и на инспекторите. Во 2019 година реализирани се вкупно 2397 инспекциски надзори. Инспекциските надзори се вршат врз основа на однапред утврдена Годишна Програма и квартални планови согласно Законот за инспекциски надзор.

Исто така во изјавата која започнува на 17:40 минута пратеничката изјавува “Тука мириса на корупција помеѓу претставници од индустријата која што загадува, помеѓу претставници од Државниот Инспекторат за животна средина којшто треба таквите големи загадувачи да ги контролира, помеѓу претставници од институциите коишто треба тоа да го прават и тоа е некој врзан круг” завршува во 18:03 минути.

Ваквата изјава е неумесна и навредлива и би било упатно доколку пратеничката се сомнева во корупција и цитира институции меѓу кои и претставници на Државниот Инспекторат за животна средина и има такви податоци, јавно да ги соопшти или достави податоци до останати надлежни институции кои вршат контрола над работата на инспецкските служби затоа што на крајот вели дека е тоа некој врзан круг.

Во иднина Државниот Инспекторат за животна средина ќе ги превземе сите законски можности за санкционирање на вакви непотврдени изјави од поединци без оглед дали се пратеници, граѓани или останати институции со кои грубо и се наштетува и се девалвира работата на институцијата која во рамки на своите надлежности професионално ја врши надлежноста за која е формирана.

Со почит,

ДИРЕКТОР
Fejzula Spahija

Државен
Инспекторат за
животна средина

ул. Кеј Димитар Влахов бр. 4
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3220-187
Сајт: www.sei.gov.mk
E-mail: spahija@sei.gov.mk